И З В Е Ш Т А Ј

од самоевалуација на ООУ„Александар Урдаревски“ -Сандево период 2024-2026 година

Врз основа на Законот за основното образование – Консолидиран текст („Службен весник на РСМ“ бр.161/19 и 229/20 година) член 129 став 4 Општинското основно училиште ,,Александар Урдаревски” с. Сандево изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2024-2026 година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 21.04.2026 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

1. Николина Ѓорчевска
2. Гордана П.Чанговска
3. Маја Тапарчевиќ
4. Зорица Димитриевска Пршевска
5. Марина Пршевска

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот 21.04.2026 до 24.06.2026 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

Подрачје	Членови на тимот
1. Планирање, настава и учење	1. Николина Ѓорчевска-одговорно лице 2. Стефан Нешковиќ 3. Ана Гурмешевиќ 4. Дамјан Митовски 5. Наташа Кипријановиќ 6. Илинче Митева 7. Александар Зафировски
2. Постигања на учениците	1. Гордана Чанговска-одговорно лице 2. Ирена Јошевска 3. Александра Ѓаковиќ 4. Павлинка Стоилковска 5. Сузана Левајковска 6. Игор Беличански 7. Гордана Велкова
3. Училишна клима и односи во училиштето	1. Зорица Димитриевска Пршевска-одговорно лице 2. Кристина Јаневска 3. Гордана Димитриева 4. Стефан Ацковски 5. Валентина Пешевска 6. Жозефина Томашевска 7. Александар Ацески
4. Управување и раководење	1. Маја Тапарчевиќ-одговорно лице 2. Јулијана Јакимовска 3. Благица Гогова 4. Валентина Сурловска 5. Даниела Периќ 6. Александар Пирковски 7. Андријана Шегмановиќ

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на

постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.
По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина. Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 30.06.2026 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

Подрачје 1: Планирање, настава и учење

Опис/резиме на подрачјето

Училиштето им дава поддршка на наставниците за креирање квалитетни планирања за работа (годишни, тематски, неделни, сценарија за час, личен план за професионален развој) преку обезбедување редовни обуки и семинари за наставниците за нови наставни методи, технологии и алатки, овозможување на професионален развој преку учество во конференции и работилници, обезбедување повратни информации на наставниците за нивната работа, со предлози за подобрување, работа на проекти и слично. Планирањата на наставниците соодветно се следат од страна на директорот и стручните соработници. Наставниците разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручни активи и соработка со други училишта. Наставниците имаат клучна улога во реализација на наставниот процес, обезбедувајќи им на учениците неопходните знаења и вештини за понатамошен успех.
Интеракцијата помеѓу наставниците и учениците е на одлично ниво и таа се реализира преку отворена комуникација. Учениците се охрабруваат да поставуваат прашања и да изразуваат свои мислења. Се применуваат редовни и конструктивни повратни информации за напредокот на учениците. Наставниците ги препознаваат потребите на учениците и нудат помош, особено за оние кои имаат потешкотии или специфични потреби. Наставниците се однесуваат кон учениците со прифаќање, почит, соработка, мотивација и разбирање. Во училиштето се реализира образовна инклузија. Инклузивниот тим на ученикот обезбедува поддршка за изработка на ИОП со сите наставни предмети, согласно законска регулатива. Наставниците и стручните соработници се обучени да планираат и да реализираат настава со ученици со ПОП. Во училиштето работи Тим за училишна интеграција (ТУИ) кој го спроведува акцискиот план за следење на реализација на активностите на МИО планирани во годишната програма на училиштето, проектни активности добиени преку грантови од МОН и други партнерски организации. Наставниците и стручните соработници системски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците. Најголемиот број наставници заедно со стручните соработници во процесот при учење користат различни интерактивни техники, со што овозможуваат на учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планираните цели. Училишна политика за оценување има за цел да обезбеди транспарентност, фер и конзистентност во процесот на оценување и да ги поддржи учениците во нивното академско и лично развивање. Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците. Наставниците користат информации кои се добиени од оценувањето за да ги подобрат планирањата, како и реализирањето на наставата. Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности кои ги одразуваат потребите и интересите на учениците. Во училиштето со учениците се реализираат општествено- хуманитарни активности во рамките на воннаставните активности. Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално и државно ниво од акредитирани здруженија, како и во други активности со натпреварувачки карактер.

Силни страни

- На ниво на училиште наставниците меѓусебно соработуваат и изготвуваат годишна програма
- Избор на наставни предмети (слободни изборни предмети) е јавен и транспарентен
- Голем дел од наставниците користат различни материјали и извори на учење.
- Родителите навремено се запознаени со оценувањето и вреднувањето на успехот кај нивното дете
- Дел од училишната култура е и развивање на еколошката свест кај учениците и локалното население, при што во училишниот двор е изграден Групен компостер кој се одржува со акции за собирање на органски отпад од локалното население.
- Наставниците користат различни видови на ресурси (презентации, интернет, наставни листови, дополнителна литература , списанија, енциклопедии) и дека учениците учествуваат во различни активности (работилници, патронат на училиштето, натпревари, воннаставни активности, посети, излети и сл)

Слаби страни

- Учениците и родителите не се доволно вклучени при изработка на годишната програма на училиштето, посебно во делот за планирање на вонннаставни активности
- Поголемиот дел од наставниците редовно планираат активности за меѓуетничка интеграција во образованието, но постои дел од наставниците кои им е потребна обука за мегуетничка интеграција во образованието.
- Почесто оддржување на неформални родителски средби и работилници за едукација на родителите во насока на подобрување на самосталната работа кај учениците, социјална инклузија, споделување искуства и совети за надминување на проблемите со нездрава исхрана, со конкретен акцент на ужинките на училиште.
- Потребна е дополнителна анкета за родителите да се утврди причината за високите проценти (13+4=17) небезбедна средина за учениците.
- Училиштето има развиено систем за наградување и пофалување на учениците, сепак родителите/старателите сметаат дека тој систем треба да се усоврши.

Приоритети

- Вклучување на учениците во креирање и спроведување на Истражување на тема за Училиштето како безбедна средина
- Вклучување на учениците и родителите во креирањето на годишната програма за воннаставни активности
- Обучување на наставниците за реализирање на настава која поттикнува меѓуетничка интеграција

Подрачје2: Постигања на учениците

При реализација на овој подрачје дојдовме до следните резултати и согледувања:

Резултатите од анкетите покажуваат дека постои позитивна клима во училиштето во однос на следењето на постигањата на учениците и соработката со родителите. Родителите во најголем дел се чувствуваат информирани за напредокот и редовноста на своите деца, што укажува на функционален систем за комуникација помеѓу училиштето и семејството.

Наставниците покажуваат висок степен на одговорност и професионалност во поддршката на учениците. Особено значајно е што сите наставници се изјасниле дека успешно ги препознаваат учениците со потешкотии во учењето и надарените ученици, што овозможува навремено планирање на дополнителна и додатна поддршка.

Кај учениците преовладува позитивна перцепција за поддршката што ја добиваат од наставниците, но сепак кај дел од учениците кои не чувствуваат доволна мотивација или поддршка , потребно понатамошно унапредување на индивидуалниот пристап и мотивирачките стратегии во наставата.Дополнителната и додатната настава се препознаени како важен механизам за подобрување на постигањата, но потребно е поголемо информирање и поттикнување на учениците за нивно поактивно вклучување.

Клучни јаки страни:

- Училиштето обезбедува навремено и континуирано информирање на родителите за редовноста, постигањата и напредокот на учениците.
- Наставниците успешно ги препознаваат учениците со потешкотии во учењето, како и учениците со посебни способности и таленти, и им обезбедуваат соодветна поддршка.
- Наставниот кадар остварува ефективна соработка со родителите преку давање јасни насоки и препораки за подобрување на успехот и развојот на учениците.
- Учениците добиваат поддршка од наставниците при совладувањето на наставните содржини, со примена на различни пристапи и методи на работа.
- Родителите позитивно ја оценуваат поддршката што училиштето ја обезбедува за подобрување на постигањата и однесувањето на учениците.
- Во училиштето редовно и успешно се организира дополнителна и додатна настава, со што се задоволуваат различните образовни потреби на учениците.
- Учениците активно се вклучуваат во натпревари, проекти и активности од различни области, особено во активностите поврзани со екологијата, меѓуетничката интеграција и развојот на граѓанските вредности.

Слаби страни

- Потребно е понатамошно унапредување на соработката со дел од родителите со цел поефикасна поддршка на учениците во подобрувањето на нивните постигања.
- Кај дел од учениците е присутна потреба од поголема мотивација и охрабрување за постигнување подобри резултати во наставата.
- Неопходно е дополнително зајакнување на советодавната и информативната поддршка за родителите во насока на следење и подобрување на успехот на нивните деца.
- Потребно е подобро информирање на учениците за можностите и придобивките од вклучувањето во додатната настава, како и поттикнување на нивното активно учество.
- Училиштето треба да воспостави поефикасни механизми за следење на образовниот напредок и постигањата на учениците по завршувањето на основното образование и нивниот премин во средно образование.

Приоритети

- Унапредување на соработката и комуникацијата со родителите во насока на подобрување на успехот и дисциплината на учениците.
- Зголемување на мотивацијата на учениците за учење и постигнување подобри резултати.
- Подобрување на информираноста и вклученоста на учениците во додатна и дополнителна настава
- Воспоставување систем за следење на постигањата на учениците по преминот во средно образование.

Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

Анализа на резултатите:

Од прегледаните документи и од спроведените анкети се гледа училиштето е препознатливо по квалитетот на работа и постигањата на учениците во различни области, како и остварување на визијата и мисијата на училиштето. Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците, ги негува родовата сензитивност и мултикултурализмот, ја поддржува инклузивноста и го зајакнува учеството на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Наставниот кадар е почитуван од страна на родителите. Учениците и вработените се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него.. Во нашето училиште има ученици од различно етничко потекло и меѓу нив постои високо меѓусебно почитување без разлика на полот на кои му припаѓаат.

Учениците имаат толерантен и хуман став и кон учениците со психо – физички пречки во развојот.

Училиштето преку редовни училишни еко акции, предавања, работилници и слично ја поттикнува свеста кај учениците за одржување на хигиената, акции за чистење на училишниот двор, садење цвеќиња, собирање пластични шишиња. Учениците не се запознаени со функционирањето на ученичкиот парламент и работата на ученичкиот правобранител.

Силни страни

- Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него;
- Училиштето ги негува родовата сензитивност и мултикултурализмот;
- Училиштето ја поддржува инклузивноста;
- Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците;
- Училиштето води политика на заемно почитување, еднаквост, хуманост и толеранција;
- Дисциплината на учениците во училиштето е добра;
- Подеднаков однос на наставниците кон сите ученици без разлика на половата и етничката припадност;
- Сите учениците подеднакво се вклучени во активностите на училиштето ;

Слаби страни

- Недоволна информираност на учениците за механизмите на поддршка;
- Потреба од поефикасни мерки за спречување и решавање конфликти и врсничко насилство;

Приоритети

1. **Зајакнување на поддршката на учениците и информирање за начините на пријавување и решавање на проблемите;**
2. **Унапредување на мерките за превенција и справување со врсничко насилство и конфликти;**

Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

Опис/ резиме на подрачјето

Училишниот одбор има воспоставено партнерски односи со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Според деловникот, секретарот на училиштето редовно ги информира наставниците за работењето на Училишниот одбор, преку истакнување на одлуките на огласната табла согласно Деловникот за работа на УО со што се обезбедува транспарентност на донесените одлуки.

Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштетето. Визијата на училиштето е заедничка и јасно вклучена во сите програмски документи кои се изработуваат во училиштето. Тој работи тимски при процесот на градење на политики, планирање и обезбедување квалитет. Заедно со Тимот за развојна програма, го следи процесот на реализација на акциските планови за реализација на развојната програма. Раководниот орган објективно го оценува работењето на вработените, го вреднува нивниот придонес во тимската работа и ја промовира добрата практика што постои во училиштето. Директорот доделува одговорни задачи на кадарот, ги координира, следи и евалуира реализацијата на активностите, изготвува прегледи, извештаи, врши анализа и информира за резултатите. Во остварување на обврските и раководењето, директорот на училиштето поднесува извештај до надлежните органи за успехот и постигнатите резултати во образовната работа, за реализација на годишната програма, како и за материјалното работење на училиштето во текот на учебната година. При донесувањето одговорни одлуки за воспитно – образовниот процес директорот е поддржан од членовите на Наставничкиот совет, Советот на родители и Училишниот одбор. Училиштето располага со најразлични наставни средства и материјали кои секојдневно се користат во наставниот процес со цел успешна и квалитетна реализација на наставата. Од резултатите добиени од спроведента анкета може да се констатира дека потребата од наставни средства и материјали се утврдува во договор со директорот на училиштето, а училиштето во согласност со своите можности ги обезбедува потребните наставни средства и помагала. Наставниот кадар е во согласност со нормативите, квалификуван и способен да преземе одговорност во наставата согласно потребите на учениците и училиштето во целина.

Информирањето на сите заинтересирани субјекти се врши со доставување на писмени документи до субјектите, со писмени документи поставени на огласна табла, усно на индивидуални или групни средби. Во креирањето на политиката вклучена е и безбедноста и грижата за здравјето на учениците. Училиштето има Куќен ред, Правилник за однесување на учениците, наставниците и родителите во училиштето и училишниот двор. Во насока на безбедноста училиштето има изработено и Протокол за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на било која од формите на насилство, злоупотреба и занемарување. Унапредување на училишната политика се врши преку континуираната работа на училиштето за унапредување на инклузијата на децата со попреченост во училиштето со вклучување на инклузивниот тим во проекти во соработка со образовниот сектор од општината и претставници на стручните тела за функционална проценка, преку едуцирање и учество на наставниот кадар на вебинари, обуки, со цел да се постигне вреднување на различностите, промовирање еднаквост и недискриминација и креирање услови и можности за учење и напредување на секој ученик. Во училиштето постои развојно планирање и целите дадени во него се јасни и во насока да ја отсликаат мисијата, визијата и вредностите на училиштето. Тие се конкретни, остварливи и во согласност со предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето. При нивното поставување се вклучени наставникот ментор, наставниците, родителите, учениците, училишниот одбор и претставниците од локалната заедница. Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има изработено финансиски план за распределување на финансиските средства. Училиштето има донесено финансиски план, усвоен финансиски извештај, усвоена завршна сметка и план за јавни набавки. Завршните сметки се разгледуваат на седниците на училишниот одбор. За финансиското работење училиштето ги информира органите и телата во училиштето, како и локалната власт преку годишниот и полугодишниот извештај.

Јаки страни

- Високо ниво на соработка помеѓу раководството, наставниците, учениците и родителите при донесување одлуки (96,2% од наставниците се согласуваат).
- Директорот има јасна визија за развојот на училиштето и работи тимски во процесот на планирање и обезбедување квалитет.
- Училиштето располага со добра инфраструктура, библиотека-медиотека, сензорна соба и реконструирани училишни простории.
- Наставниците се квалификувани, мотивирани и активно вклучени во професионален развој .
- Училишната библиотека е достапна и добро прифатена од учениците и родителите.
- Постојат воспоставени механизми за следење и унапредување на наставниот процес преку редовни посети на часови и конструктивни повратни информации.

Слаби страни

- Недоволна информираност на родителите за финансиското работење и користењето на училишниот буџет.
- Недоволна транспарентност во работата и донесувањето одлуки на Училишниот одбор.
- Недоволна информираност на дел од вработените за буџетското планирање и трошењето на финансиските средства.
- Ограничено учество на учениците од Ученичкиот парламент во работата на органите на управување на училиштето.
- Недоволна вклученост на учениците во процесите на донесување одлуки и креирање на училишните политики.

Приоритети

- **Подобрување на транспарентноста и информирањето за работата на училиштето и финансиското работење**, преку редовно информирање на родителите и вработените.
- **Зголемување на учеството на учениците во процесите на донесување одлуки**, преку поактивно вклучување на Ученичкиот парламент во работата на училишните органи и тела.
- **Унапредување на комуникацијата и соработката помеѓу училиштето, родителите и учениците**, со цел поголема вклученост во креирањето и реализацијата на училишните политики.

Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето

- Вклучување на учениците во креирање и спроведување на Истражување на тема за Училиштето како безбедна средина;
- Вклучување на учениците и родителите во креирањето на годишната програма за воннаставни активности;
- Обучување на наставниците за реализирање на настава која поттикнува меѓуетничка интеграција;
- Унапредување на соработката и комуникацијата со родителите во насока на подобрување на успехот и дисциплината на учениците;
- Зголемување на мотивацијата на учениците за учење и постигнување подобри резултати;
- Подобрување на информираноста и вклученоста на учениците во додатната и дополнителната настава;
- Воспоставување систем за следење на постигањата на учениците по преминот во средно образование;
- Зајакнување на поддршката на учениците и информирање за начините на пријавување и решавање на проблемите;
- Унапредување на мерките за превенција и справување со врсничко насилство и конфликти;
- Подобрување на транспарентноста и информирањето за работата на училиштето и финансиското работење, преку редовно и навремено информирање на родителите и вработените;
- Зголемување на учеството на учениците во процесите на донесување одлуки, преку поактивно вклучување на Ученичкиот парламент во работата на училишните органи и тела;
- Унапредување на комуникацијата и соработката помеѓу училиштето, родителите и учениците, со цел поголема вклученост на сите чинители во креирањето и реализацијата на училишните политики;

Комисија за спроведување на СЕУ:

Николина Ѓорчевска

Гордана П.Чанговска

Маја Тапарчевиќ

Зорица Димитриевска Пршевска

Марина Пршевска

